# MedicineInsight

# Информативен лист за пациенти

## Оваа ординација учествува во MedicineInsight

MedicineInsight е национална програма за здравствени информации која рутински собраните информации ги користи за подобрување на квалитетот на здравствената нега во Австралија. Програмата собира информации од медицинската документација што се чува во оваа ординација. Информациите се користат за да им помогнат на вашите доктори да им дадат на пациентите најдобра и најбезбедна можна нега.

NPS MedicineWise ја започна програмата MedicineInsight во 2011 година. NPS MedicineWise е организација што е независна, непрофитна и базирана на докази. Ние добиваме средства од Министерството за здравје на Владата на Австралија.

## MedicineInsight собира информации за да се постигнат подобри здравствени резултати за сите

MedicineInsight собира здравствени информации од медицинската документација на пациенти во ординации по општа пракса/медицински центри ширум Австралија, кои учествуваат во програмата. Тие информации ги комбинираме за да направиме база на податоци на програмата MedicineInsight.

Собраните информации за пациенти се:

- демографски (на пример, возраст и пол),
- медицинска историја (на пример, заболувања, алергии, процедури, тежина, возраст, пол),
- здравствена нега (на пример, лекови, тестови, упати), и
- животен стил (на пример, пушење и консумирање алкохол).

Информациите што ги собира MedicineInsight ги вклучуваат поштенскиот код на пациентот, дали тој/таа е Абориџин или од Островите Торес, и може да вклучуваат чувствителни и медицински состојби што се пријавуваат, како што се хепатитис Ц и човечки вирус на ослабен имунитет (HIV).

## Дали мојата приватност е заштитена?

Информации што можат да го откријат вашиот идентитет - на пример, вашето име, датум на раѓање и адреса - не се споделуваат со MedicineInsight. Тоа значи дека информации за пациенти може да се користат за подобрување на здравјето на луѓето во Австралија, но никој нема да знае од кој пациент доаѓаат. Бидејќи информациите што ги собираме од пациенти не се во форма што може да го открие нивниот идентитет, ризикот за откривање на идентитетот е многу мал.

Вашата ординација и NPS MedicineWise ќе обезбедат дека начинот на кој ги собираме, чуваме и користиме вашите здравствени информации се безбедни, се чуваат на сигурно и во согласност со Австралискиот закон за приватност. Ние применуваме најстроги мерки за да осигураме дека вашата приватност и безбедност се заштитени.

Сите информации на MedicineInsight се чуваат на сигурно во Австралија.

## Како MedicineInsight ги користи информациите?

Ние ги користиме информациите за да им дадеме повратни информации на сите ординации по општа пракса кои учествуваат во програмата MedicineInsight, со цел да го подобрат квалитетот на здравствената нега на пациентите. Информациите собрани од оваа ординација исто така се комбинираат со податоци од други ординации и се вклучени во образовни програми и активности на NPS MedicineWise.

Информациите исто така може да се користат за здравствени истражувачки проекти и во креирањето на здравствена политика. Ние анализираме и известуваме за теми како што се:

- безбедност на лекови, вакцини или апарати
- како се нарачуваат тестови
- дали дадената здравствена нега може да се подобри
- користење на здравствени услуги од различни групи, како што се Абориџини или лица по потекло од Торес Островите, или на различни места
- лекување на хронични состојби (на пример, дијабетес, астма, рак)
- справување со инфекции (на пример, грип, хепатитис Ц, човечки вирус на ослабен имунитет [HIV]).

Сите предлози на проекти за кои е потребен пристап до информации од програмата MedicineInsight, пред да можат да почнат, ги разгледува независен одбор во кој се вклучени претставници на корисници, експерти за приватност и истражувачи, и – каде што е тоа соодветно – одбор за етички истражувања врз луѓе.

Некогаш тие трети страни може да сакаат да соберат информации за вас – од кои не може да се открие вашиот идентитет – од различни извори на податоци (на пример, од болнички документи, образовни записи) за да им помогнат на истражувачите подобро да ги разберат здравствените состојби на луѓето и искуствата на пациенти, што може да води кон подобрување на лекувањето и негата на пациентите.

Сите проучувања со користење на поврзани податоци мора да имаат одобрение од етички одбор, и на истражувачите им се даваат само информации од кои не може да се открие идентитет.

Како дел од програмата MedicineInsight, нашиот тим може да направи проверка, обука, процена или активности за подобрување на квалитетот, за да обезбеди дека податоците од кои не може да се открие идентитет, се точни.

Програмата MedicineInsight е финансирана од Министерството за здравје на Владата на Австралија. Одобрени проекти што користат информации добиени од MedicineInsight, може да бидат спроведени и финансирани од трети страни. Тоа вклучува владини оддели, регулаторни тела, универзитети, медицински добротворни организации, фармацевтски компании или осигурителни компании.

Листа на одобрени проекти може да најдете на веб-страницата на NPS MedicineWise на:
**https://www.nps.org.au/approved-projects-using-medicineinsight-data**

## Ваш избор

NPS MedicineWise и вработените во оваа ординација почитуваат дека можете да изберете да не учествувате во MedicineInsight.

Ако не сакате оваа ординација да продолжи да споделува со MedicineInsight информации од вашата медицинска документација, може да се повлечете од програмата во секое време со тоа што ќе го пополните образецот на другата страница и ќе го предадете на рецепцијата.

Вашиот избор да не учествувате во MedicineInsight на никаков начин нема да влијае на медицинската нега што ја добивате.

## Повеќе информации

Јавете се на: **1300 721 726**

Политиката на приватност на NPS MedicineWise е достапна на **nps.org.au/privacy**.

Електронска пошта: **medicineinsight@nps.org.au**

Веб страница: **https://www.nps.org.au/medicine-insight**

**nps.org.au**
Level 7/418A Elizabeth Street Surry Hills NSW 2010
PO Box 1147 Strawberry Hills NSW 2012
02 8217 8700 02 9211 7578 @ info@nps.org.au

Независна, непрофитна и врз основа на докази, NPS MedicineWise овозможува донесување на подобри одлуки во врска со лекови и медицински тестови. Ние добиваме средства од Министерството за здравје на Владата на Австралија. NPS MedicineWise. ABN 61 082 034 393. © NPS MedicineWise 2019 NPS1786e

NPS MEDICINEWISE

**MedicineInsight**

# Образец за повлекување на пациентот

Јас изјавувам дека:

- Го прочитав и разбрав информативниот лист за пациенти на MedicineInsight.
- Имав можност да поставам прашања за MedicineInsight. Програмата ми беше објаснета и на моите прашања ми беа дадени задоволителни одговори.
- Разбирам дека ако се повлечам од програмата, ординацијата ќе престане да му дава на MedicineInsight мои информации од кои не може да се открие идентитет.
- Знам дека образецот за повлекување ќе се чува во оваа ординација и нема да биде споделен со NPS MedicineWise.
- Разбирам дека според Австралискиот закон за приватност (1988), NPS MedicineWise има право да ги задржи и користи веќе собраните информации од кои не може да се открие идентитет.
- На мојата медицинска нега нема да влијае мојата одлука да не учествувам во MedicineInsight.

---

☐ Јас сакам да се повлечам од програмата MedicineInsight

Име и презиме: ____________________

Адреса: ____________________

____________________

Датум на раѓање: ______ / ______ / ______ Пол: ☐ женски ☐ машки ☐ друг

Потпис: ____________________

Датум: ____________________

Откако ќе го пополните образецов, ве молиме дајте го на вашиот доктор (GP) или на рецепцијата на ординацијата.

---

## САМО ЗА СЛУЖБЕНА УПОТРЕБА

Овој образец мора да се задржи на сигурно место во документацијата на ординацијата. Овој документ не го враќајте на NPS MedicineWise.

За дополнителни информации јавете се на MedicineInsight на 1300 721 726.

☐ Пациентот се повлекол од алатката за собирање податоци на MedicineInsight

☐ Преземена е акција за осигурување дека документацијата на пациентот не се користи

Име на службеникот: ____________________

Датум: ____________________